Машински факултет
Бр.02-2507/4
24.9.2009 година
Скопје

Врз основа на член 43 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Машински факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во врска со Одлуката број 1430/3 од 27.08.2009 година за поместување на наставата по предметот електротехника и електроника, Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 24.09.2009 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А
## за организирање испитни рокови по предметот електротехника и електроника

1. Студентите на Машински факултет во Скопје кои студираат според одредбите на ЕКТС, како и студентите кои студираат по наставните планови пред воведување на ЕКТС а кои предметот електротехника и електроника го следеле и завериле (имаат потпис) заклучно со учебната 2008/09 год., имаат право да го полагаат испитот во текот на учебната 2009/10 година.

2. Студентите испитот ќе го полагаат во редовните: есенски, зимски и летен испитен рок (јануарски, јунски и августовско-септемвриски), како и во дополнителните: октомвриски, ноемвриски, декемвриски, февруарски, мартовски, априлски и мајски испитен рок.

3. Испитот ќе го спроведува трichлена комисија од кои двајца членови-наставници од Факултетот за електротехника и информациски технологии од Скопје и еден член-наставник од Машинскиот факултет во Скопје.

Составот на испитната комисија е променлив и ќе го одредува Деканот на Машинскиот факултет со посебно решение.

4. Студентите имаа право да го полагаат испитот во три испитни рока без плаќање паричен надоместок, а потоа должни се да уплатат на сметка на Факултетот паричен надоместок во висина кој ќе го утврди Деканатската управа на Факултетот.

5. Секој пат кога студентот ќе пријави, но нема да пристапи на испитот, ќе се смета дека го искористил правото од еден обид за полагање на испитот.

6. Техничките аспекти на организирањето на испитните рокови да го спроведе Одделението за студентски прашања на Факултетот во соработка со продеканот за наставна дејност.

Одлуката да се достави до: продекан за наставна дејност, студентска служба, општа служба, архивата на Факултетот и објави на огласната табла за студентите.

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје · Република Македонија · МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ

Д е к а н

Проф. д-р Атанас Кочов